Петра Соукупова

# Нештата за кои дојде време

Превод од чешки јазик

**Јасминка Делова-Силјанова**

Скопје, 2021

*На*

*Ерика, Кристина,*
*Миша и Тереза*

# Прв дел

## Искачување на Лиса

Алице си ја запетлува јакната и погледнува во огледалото во кабината. Се мурти, не, вака сигурно, не. Оваа, исто како и сите останати практични јакни, не ѝ се допаѓа. Долги се и како да се многу тесни. Во неа си изгледа дебела и неубава, а токму овој викенд сака да изгледа убаво и секси. И сака да си купи јакна што може да одговара сега за излетот овој викенд, но сака да ја носи, најнормално, и цела есен. А, оваа сигурно нема да ја носи. Премногу е спортска и, едноставно, не ѝ е удобно во неа. А чини три илјади, толку Алице би дала за јакна, ама не за јакна што може да ја носи само еднаш. Ја соблекува и ја остава до останатите три што веќе ги имаше пробано.

Госпоѓице, а сакате да ја пробате уште оваа? Продавачката ѝ подава скоро светлечка сина јакна. Во суштина, одлична е, водоотпорна.

Алице врти со главата, страшна боја, си мисли. Но гласно само се заблагодарува. А, што значи тоа, колку е водоотпорна?

ѝ ги подава на продавачката испробаните јакни, па се упатува кон „H&M“ и таму си купува прекрасна зелено-розова јакна до половината, можеби ќе ја издува и нема да биде сосема водоотпорна, но преубава е и најважно, Алице сака убаво да ѝ стои, а секако и според прогнозите, времето нема да биде страшно, а и ако заврне, тогаш Алице и тоа ќе го издржи.

Да, кога ќе се види во петок попладне пред да излезе од дома, задоволна е. Со облеката сигурно. Можеби би можела малку да го намали стомакот, на крајот на летото се опушти малку, но токму во оваа јакна тоа не може да се види, а и не е толку страшно, но веројатно би требало да вежба, но некако не ѝ е забавно. А, згора на тоа, сега оди да спортува. Сигурно тоа ќе биде спортски успех. Алице еднаш како дете беше на Јештеди и матно се сеќава дека таму беше сосема напорно. Но нели беше дете тогаш. Сега е навикната да оди, иако низ Прага, но сака прошетки и некогаш до училиштето оди пеш, а тоа е скоро еден час одење.

Алице си ги врзува врвките на своите единствени спортски патики и подготвена е да тргне. Се радува, но и нервозна е, пред неа е прв цел викенд со Рихард, досега се имаат видено трипати, двапати на кафе и еднаш на вино, а потоа секс кај него дома (таа живее со цимерка, додека Рихард има свој стан), Алице беше нервозна и, веројатно, се имаше напиено многу вино, но и Рихард беше нервозен, едноставно, сето тоа беше некако, онака како што обично е првиот секс, ама утрото веќе беше добро, но беше работен ден, Алице мораше на училиште, а Рихард на работа, па не можеа да си полежат и така.

Но, сега пред нив се цели два дена, одат на Бескиди, утре ќе се искачуваат на Лиса Хора и во недела ќе направат уште една тура, беше идеја на Рихард да отидат во природа, тој во септември бил на Бескиди и таму е прекрасно, а сега е последниот викенд од циганското лето. Алице воодушевено се согласи, иако одењето по планини сигурно не е нешто што многу го сака, но Рихард не го знае тоа, дури, се запознаа кога и двајцата беа на планина и таа таму можеби раскажувала (за да остави врз него впечаток, кога дозна дека тој сака планинарски тури) дека сака да планинари и, така, сега одат.

За кратко ќе ја собере и ќе одат на воз. Рихард предложи да одат со автомобил, но на Алице со воз ѝ изгледа како подобар излет, а и поевтино е.

Рихард заѕвони, Алице го зеде ранецот на грб (изненадувачки потежок од што мислеше) и оди, силуетата на Рихард преку матното стакло на вратата, му се радува, убав е и секогаш убаво намирисан, ќе се бакнат, и свежо избричен е. На Алице ѝ се допаѓа како тој се грижи за себе, нејзиниот поранешен, Ондра, вака сигурно не мирисаше, а и пушеше, па значи смрдеше. Иако тогаш така не ѝ се чинеше, но сега кај Рихард ѝ се допаѓа токму тоа. Иако како и секогаш кога ќе се сети на Ондра, малку ѝ се стега желудникот, веќе година помина, сето тоа веќе би требало да е поминато, ама не е, мора брзо да мисли на нешто друго, па и на тоа како Ондра ѝ зборуваше дека нејзиното училиште ништо не ѝ вреди, или пак како ‘рчеше кога ќе се опиеше.

Одат со Рихард кон трамвајот и си разговараат за тоа кој што доживеал во последните денови во кои не се видоа, на Алице, за жал, не ѝ се случило ништо посебно освен пишувањето на дипломска, учење и една вечер кога со Клара правеа палачинки од компири, па се прејадоа и малку повеќе се напија сливовица од дедо ѝ на Клара која ја мешаа со сок од јаболко, но за тоа на Рихард ќе му каже само во кратки црти, зашто Рихард уште на првиот состанок ѝ рече дека не поднесува кога луѓето ќе се опијат толку што не знаат што прават, а посебно кај девојките е одвратно.

Рихард ѝ раскажува нешто за работата, таму неодамна почнал да работи, за тоа како му помогнал студискиот престој во Англија и дека сега знае англиски подобро од шефот, но не може тоа и да го покаже, потоа нешто за самото истражување и за проектот на кој работи сега, но Алице веќе со напор го слуша, повеќе мисли на тоа дека одат заедно по улица, дека свети сонце исто како во лето, малку е задушливо, во јакната се поти, но нели ѝ е нова, па мораше да ја земе и сега мора да издржи. Се радува на викендот, одамна не била некаде надвор, за време на викендите или останува во Прага или оди кај родителите, а со Ондра и онака не одеа на викенди, со Ондра за викендите се излежуваа или одеа

на некаква изложба, нејзе тоа не ѝ беше по волја, но нему, му беше.

Патувањето со воз, сепак и не беше толку забавно колку што си мислеше Алице, туку беше подолго, Алице беше навикната да патува кај родителите во Усти, па најпрвин си разговараа, но потоа си рекоа дека малку ќе читаат, додуша, тоа го предложи Рихард, но на Алице не ѝ смета, си зеде со себе една скрипта, но на станицата си купи ново списание за готвење за кое беше чула и кое убаво изгледа. Алице во последно време многу размислува во некое такво списание да почне да работи хонорарно и таму да остане, готвењето ѝ е забавно, знае да пишува, и така сака да пишува, а ваквите списанија луѓето ги сакаат, Алице веќе некое време го следи тоа, но некогаш и само онака сака да разгледува рецепти. На пример, би можела нешто добро да му зготви на Рихард. Бидејќи готви само за себе, па не ѝ е интересно, а Клара е постојано на диета (да, и покрај тие палачинки од компири, ама тоа беше исклучок, само што доби корпа и се самосожалуваше).

Јагула на вино.

Алице малку ќе се зачуди, зарем јагулата така лесно може да се купи? Толку што од неа човек може да си зготви јадење?

Си јадел некогаш јагула?, го прашува Рихард.

Не, одговара Рихард, но потоа околу десет минути зборува како јагулите, се разбира, јагулите од Европа, во природата се мрестат само на едно место, во Саргасовото Море, пловат до таму неколку години преку Атлантикот, а потоа тие мали рипчиња што воопшто не личат на возрасните јагули, повторно пливаат кон Европа. Уште подалеку.

На Алице не ѝ се чини така, никогаш за тоа не чула.

А, ти, се разбираш во риби? Или само онака знаеш?

Слушав за тоа мошне интересна емисија на радио, ѝ одговара Рихард.

Аха. Но, инаку, никогаш не си јадел?

Не.

И јас, не. Но, сега многу би сакала. Можеби ќе пробам да најдам. Би јадел јагула?

Рихард погледнува во нејзиното списание и ги крева раменицитe.

Зошто да не? Иако дома не би ја правел. Но, можеби ја имаат во некој ресторан.

Алице кратко размислува што значи реченицата дека „дома не би го правел“, дали значи дека има многу работа или си мисли дека Алице не би умеела и дали реченицата „можеби го има во некој ресторан“ значи дека заедно би отишле во ресторан, но Рихард во меѓувреме продолжи да си ја чита книгата и веќе таа не сака да го прекинува.

Менување на воз во Острава, неколку станици до Фридлант над Остравице, Рихард од ранецот си зеде дуксер и си го облече. Нема да ти биде ладно?, ја прашува, а Алице ги крева рамената, веројатно ќе ѝ биде, но дуксерот ѝ е некаде најдолу во ранецот, не се сети дека веднаш ќе ѝ треба, па ќе издржи некако додека да дојдат до хотелот.

Ама треба да одиме скоро четири километри ѝ вели Рихард, па Алице некако успеа да го извлече дуксерот. Во право беше Рихард, кога излегуваат од возот надвор веќе е есенска вечер, се стемнува и студено е, и покрај дуксерот.

Потоа се договараат за вечера, Алице некако си замислуваше дека ќе јадат во хотелот, но ќе се покаже дека сместувањето воопшто не е хотел и дека би можеле да им зготват нешто, но тоа требало однапред да се договори, имаат само појадок, па со Рихард ќе застанат во селската кафеана близу станицата и порачуваат супа од гулаш и пиво. И двете се одлични и на Алице никаде подалеку не ѝ се оди, а сѐ уште и не знае дека нивното сместување е три и половина километри на ридот. Пред да стигнат до таму, таа е веќе испотена. Па, навистина не е навикната да оди по угорнина, уште сега ги чувствува листовите, а утре ќе биде уште поинтересно. А, Рихард е навикнат, веројатно нема да може да го стигне, пред него ќе изгледа како гуска?, а тоа и навистина е, кога е вака задишана по само три километри. Но, нели е веќе вечер, уморни се од целиот ден и плус и ранецот, утре ќе тргне без него, а ќе биде одморена и наспана. Ќе биде добро, си мисли,

па и Рихард сигурно не е некој планинарски водич, оди на работа и по цел ден седи, а потоа двапати во неделата трча или нешто слично. Ќе успееш, Алице, немај гајле, се задишува пред влезот.

Во нивната соба има два кревета и и двата се на спротивна страна.

Аха, вели Рихард, не помислив дека нема да има заеднички кревет. Кој го сакаш?

На Алице ѝ е сеедно, па го бира тој поблиску до греењето, во собата не е многу топло, а таа не поднесува да спие на ладно. Потоа, прво таа оди да се тушира, потоа Рихард, и додека Рихард се тушира, Алице лежи на креветот и нешто ѝ се јаде, требаше да си купат и пиво во лименка или барем нешто благо.

Како така ништо не зеде? Но, Рихард рече дека тој ќе се погрижи за тоа. Барем нека излезе од под тој туш.

Рихард по туширањето ќе го отпакува својот ранец, има неколку чоколатца и бисквити, Алице со голема сласт ќе изеде чоколатце, а потоа Рихард ќе предложи да одат на спиење, додуша не веднаш, но би можеле да изгаснат и тој да ја згрее, ако ѝ е сè уште ладно, а Алице ќе рече дека ѝ е ладно иако не ѝ е, ќе изгаснат, па ќе имаат секс. И дури кога Рихард ќе отиде во својот кревет, Алице ќе се сети на Ондра, со него веројатно би спиеле заедно во еден кревет, и по тие две години, да спијат заедно, близу притиснати еден до друг, тоа веројатно во целиот тој однос најдобро им одеше. Се разбира, ако страшно не ќе се скараа заради некаква најобична глупост, на пример, околу тоа дали луѓето би требало да имаат најмногу еден автомобил на семејство (тоа тој го мислеше), или да може секој да има автомобили колку што сака (тоа си го мислеше Алице), и тоа, за жал, одлично им одеше.

Но, вака луѓето подобро ќе се наспијат, јасно е дека пред искачувањето на Лиса Хора нема цела ноќ да се милуваат и да се стискаат на тесен кревет.

Утрото Алице се буди прва и кратко го гледа Рихард како спие, размислува дали може да го разбуди, минатиот пат кога беа заедно преку ноќ, мораа да станат, им ѕвонеше будилникот,

но сега не се договорија во колку ќе стануваат, а таа не знае дали Рихард сака во викенд нормално да се наспие, кога веќе не мора да станува, не знае колку долга ќе биде таа тура, дали мора да брзаат или не, а не знае ни до колку го служат појадокот на кој Алице веднаш би отишла бидејќи е гладна.

Рихард, му прошепоти, но ништо.

Ришо, пак ќе му прошепоти. Така сѐ уште не му се обратила. Засега си се обраќаат само со Рихард и Алице. Како ли би ѝ се обраќал, ако им успее ова? Аличко, како родителите? Но, само недај Боже некогаш да ѝ се обрати со Алик, тоа не е смешно, нека не биде тој тип на човек.

Додека Алице размислува дали Рихард е шегобиец, за што досега немала таков впечаток, но, веројатно, тоа е добро, со Ондра многу се смееја, но тоа беше сѐ, кога не се работеше за шега, тогаш беше за никаде. Алице се сеќава како еднаш тој се опи и ја преспа нејзината дипломска забава кога таа сакаше да им го претстави на родителите, и во тој миг на Рихард му заѕвони будилникот. Одлично, појадок, Алице весело стана и пред да стигне нешто да каже, Рихард го исклучува будилникот, се префрла на другата страна и перницата си ја префрла преку главата.

Рихард?

Ништо, само дише. Алице стои уште некое време, во собата веќе е повторно студено, би можела да се пикне во креветот до него, но сѐ уште не се толку блиски, па ќе се врати во својот кревет, во собата е студено и ќе си го доразгледа списанието, а тоа не беше баш најдобра идеја, сега е уште погладна.

Рихард, му се обраќа гласно.

Ништо.

Ришо.

И повторно, ништо. Алице веќе не знае што да направи, веќе е девет и половина, оди да си ги измие забите и во бањата намерно не е тивка, но тој сѐ уште спие, па нема да го буди, посебно кога го изгаси будилникот, значи сака да спие. Но, нема ни сама да оди

на појадок кога се тука заедно, иако е гладна, но нема да јаде ни некаква бисквита, и така Рихард ги крена и таа сега не може да му чепка во ранецот, а тука нема ни друго нешто за читање освен скриптата, а неа воопшто не сака да ја чита. Алице одеднаш е неспокојна, вака не требаше да започне денот.

Рихард, повторува гласно, но чувствува дека тоа го кажа малку остро. Спиеш? додаде понежно.

Ммммм, замумла Рихард по некое време, но и понатаму ништо. Алице веќе не размислува и оди кај него, го трга ќебето и си легнува покрај него. Барем заедно ќе лежат. Тој ќе се потргне за да ѝ направи место, но нема да се сврти. Барем нека не спие. Би можеле малку да се погалат.

Ришо, собра храброст Алице.

Рихард се сврти кон неа, очите му се сѐ уште затворени, ја прегрна.

Веќе станувам, дај ми малку време. Мора да тргнеме, мумла Рихард поспано. Колку е?

Помина девет и пол.

Што? Рихард одеднаш е сосема разбуден. Се крева на лактите. Боже, зошто не ме разбуди?

Па... бидејќи не знаев дали сакаш.

Се разбира дека сакам, јас веројатно го изгаснав будилникот (Алице кима). А, сакав во девет да тргнеме. Добро. Стануваме. Се наведна кон Алице, бакнеж набрзина и навистина сака да стане. Па добро, значи нема да се галат, Алице оди да се исчешла и да се облече, секако беше гладна.

Добро да се најадеш, ѝ вели Рихард на Алице за време на појадокот, ручекот би го прескокнал или ќе каснеме нешто што ќе носиме со себе, па Алице ќе изеде две кифли, крофна и чинија со житарки. Прејадена е и кога излегуваат, најмногу што би сакала е да оди да си легне. Или пак, би си седнала пред куќата на сонце и би се напила уште едно кафе, само така би седела и би ги гледала тие шарени дрвја. Рихард беше во право, тука е убаво, прекрасно, веќе е повторно мирна, сонцето свети и на небото

нема ниту едно облаче, ќе го фати Рихард за рака. Некое време ја држи, но потоа ќе се пуштат за да се напие и потоа нема пак да ја земе.

Чевлите не те стегаат, не ти се нови, нели? го интересира Рихард и потоа ѝ раскажува како еднаш одел на планина во нови обувки и си ги уништил нозете, па Алице ќе рече дека не ѝ се нови, а и не лаже, нови навистина не се, само што во нив нема одено многу, но не ја стегаат, па така.

Ќе одиме малку заобиколно, патот е прекрасен, вели Рихард и почнуваат да се качуваат до следната височинка, веќе не зборуваат. Алице се труди да земе здив, така е, не може да го стигне, со такво темпо не може да издржи да оди уште долго, сонцето се сокрива зад облаците, па се појавува, пријатно е така, барем за кратко малку ќе се олади, Алице е испотена, не требаше да ја облекува ролката, но утрото за време на појадокот им рекоа дека надвор има четири степени, па затоа повеќе се облече, но сега е најмалку петнаесет, сигурно ќе смрди кога така толку се поти.

Кога Рихард еднаш на неколку десетина метри ќе застане да ја почека, ќе го погледне, тој изгледа најнормално и сигурно не е испотен.

Сакаш пауза? ја прашува и таа само молчешкум врти со главата и продолжуваат, на момент изгледа како веќе да се на ридот, но зад него има уште еден рид, веројатно уште полош. Дефинитивно се оддолжи и Алице е среќна што сонцето веќе толку не грее, одат полека, тој постојано напред пред неа, Алице почнува да ја стега едниот чевел, а сега задува и тоа убаво ја разлади.

Но, кога по некое време ќе застанат за да се напијат и набрзина да изедат една половинка чоколатце„Марс“, на Алице одеднаш ѝ е многу студено, ѝ изгледа како сега да дува скоро постојано, а и облаците веќе се сиви, нели требаше целиот ден да биде убаво? Рихард ја проучува мапата, Алице си ја облекува својата нова јакна, да, подобро е.

Рихард ѝ подава половина чоколатце, веќе е повторно добро,

јакната е ок. А, и не врне и може да се очекува дека на планина времето така ќе се менува, сѐ уште е убав есенски излет, Алице ужива во погледот на планините, но и во погледот на Рихард и на благото во устата.

Најдобро ќе биде да тргнеме по сината патека, пократка е за да стигнеме некако ако почне да врне.

Ќе врне?

Можно е, вели Рихард и ја гледа Алице.

Јакната ти е функционална?

Па... вели Алице. Дека е од „H&M“ не сака да каже, Рихард е облечен, се разбира, во вистински марки за планинарење.

Одиме, и од двете патеки, тргнуваат по пострмната.

Колку е далеку по оваа патека?

Скоро шест километри.

Шест километри по вакво страшно стрмно? Боже, ова ќе биде страшно, си мисли Алице, но цупка по Рихард, се труди да го израмни темпото со него, не ѝ успева многу, освен шумењето на дрвјата си го слуша само сопствениот здив, да, веќе ѝ е жешко, размислува повторно да си ја соблече јакната, но, всушност, не сака да застане, токму сега добро ѝ оди, освен таа беља, веројатно ќе има плик на петата, веќе почнува и другата пета да ја чувствува, но барем да стигнат, а Рихард и понатаму е неколку метри пред неа.

Дека почнува да врне првин ќе чуе, бидејќи сѐ уште одат под дрвјата, значи не е проблем, само звуците на капките како паѓаат на листовите.

По некое време и го чувствува тоа, но јакната сѐ уште е во ред. А, потоа ќе дојдат до крајот на шумата и Алице гледа дека истура.

Би почекал некое време, вели Рихард и Алице се согласува, се разбира, вака не може да одат. Стојат под дрвјата.

Ќе изедат бисквит.

Рихард си го покрива ранецот со водоотпорна обвивка.

Чекаат, а врне уште посилно, веќе одамна врне и преку

дрвјата. Јакната на Алице ѝ е водена и Алице ја чувствува влагата и под јакната. Но, само малку.

Има два километри нагоре, таму сме за кратко, горе можеме да се скриеме во кафеаната, на крајот одлучува Рихард. За два километри има кафеана, а ние стоиме тука на дождот? Зошто веднаш не кажа?

Се разбира, одиме.

И тргнуваат.

По неколку минути Алице е сосема мокра. Глупава, глупава јакна. Јас глупава што не си купив некаква функционална одвратна јакна. А, згора на тоа страшно е нагоре по стрмното. Уште два километри вака? Нема да успеам. Зошто воопшто тука доаѓав, глупава сум, што правам тука, заради момче ова да го доживувам? Можев да си лежам дома и да си читам или да гледам серија, а наместо тоа чувствува како одзади на вратот ѝ тече вода, а што ќе биде горе во кафеаната? Сѐ ѝ е мокро, својот ранец не го зеде, а не стави ни резервна маичка во ранецот на Рихард. Најмногу од сѐ би сакала да се расплаче, но едвај има здив, чевлите ѝ се исто така мокри, пликови веќе има и на двете петици. А Рихард, тој мирно си оди, во својата одлична водоотпорна облека и сега сѐ уште е неколку чекори пред неа, тој да е сам, сигурно побрзо би одел, таа го задржува и тој, згора на сѐ, си мисли дека таа е навистина гуска која само го успорува. Како не се откажа порано. Зошто веднаш не рече дека ова не ѝ е интересно? Зошто не може да се завртат и да одат на друго место, само не по таа страшна стрмнина? Да ја најдат најблиската кафеана, горе секако нема да има никаков поглед, зошто воопшто одат таму?

Алице застана. Едноставно, веќе не може, мора да земе воздух. Нека оди Рихард. Дури не ја ни повика, го гледа, тој оди понатаму, мирно си продолжува. Конечно се сврти.

Што е?, ѝ викна.

Веќе не можам, вели Алице. А, и ти одиш многу брзо и јас на никаква Лиса Хора не сакам. Но тоа го вели тивко, Рихард не може да го чуе тоа. Сепак, се враќа кон неа.

Добро си?, ѝ вели како ништо да не се случило, како да не

гледа дека Алице навистина не е добро.

Сори, јас не можам повеќе. Јас никогаш не сум била на ваква тура, не сум навикната да одам по стрмнина, знам дека те задржувам, но едноставно, веќе не можам, ладно ми е, си купив јакна без врска и....

Чувствува дека веќе ѝ доаѓа да плаче, но зарем пред него да плаче?

Рихард го симнува ранецот и ја вади својата јакна.

Еве.

Не, не...

Земи. А горе ќе ти дадам сува маичка.

Но, сега ти ќе се намокриш.

Јас во ранецот имам повеќе суви облеки, горе и јас ќе се преоблечам.

Но, јас и така веќе сум мокра, нема поента.

Барем да не ти студи повеќе. Земи.

И така, Алице ја вади својата јакна и ја облекува неговата која мириса како него и јасно е дека сè уште ѝ студи и сè уште е мокра, но тргнува повторно, Рихард оди веднаш пред неа, Алице гледа во неговиот грб, ѝ ја даде својата јакна и сега на дождот е само по дуксер, добар е, не прави проблем, а таа тука збудалува, а притоа ништо не е, само еден миг на неудобност, водоотпорната јакна на Рихард е одлична, веќе не ѝ е ни студено толку. Потоа ќе го одминат двоењето на патеката со табла *Лиса Хора 0,5 км*, можеби веќе помалку врне, одеднаш може да се види и наоколу, маглата се поткрева и пред да дојдат горе веќе престана да врне, од околните шуми се крева пареа и тие ќе влезат во кафеаната, во тоалетот Алице се пресоблекува во сума маичка, мириса како Рихард. Потоа ќе порачаат грог и супа со лук и, иако на Алице чевлите и панталоните ѝ се мокри, сепак, сè е во ред, сега само да се симнат долу, ќе се договорат дека ќе ја скратат трасата и ќе се упатат директно до нивната куќа. Алице седи спроти Рихард и му се насмевнува, надвор повторно се појавува сонце и кога ќе тргнат по патеката надолу, Алице ќе го фати Рихард за рака и

така одат некое време, пред да почне големо симнување и мора да се пуштат. Повторно оди по него и го гледа, одличен е и таа го сака.

Но, вториот ден Рихард ќе се разбуди настинат, не легнувај до мене, ѝ вели, да не настинеш и ти, јас сум малку незгоден, и така никаде не одат,

Ќе се спакуваат и тргнуваат на воз. Алице се чувствува виновно, бидејќи сето тоа е поради неа, ѝ ја позајми јакната и тој самиот се намокри, иако е незгоден кога е настинат. Таа е сосема во ред, само ја болат мускулите на нозете.

И така, кога стигнуваат во Прага, ќе отиде да испазари и на Рихард ќе му направи пилешка супа, дури ќе ѝ се јави на мајка си за да знае како да ја направи што најдобро и ќе ѝ успее одлично, можеби е тоа највкусната супа што некогаш ја подготвила, Рихард ќе ја изеде и ќе ѝ рече: Благодарам, но јас не чувствувам никаков вкус.